# ШТИТОТ ВО МАКЕДОНСКАТА МЕСНА ХЕРАЛДИКА

*Јован Јоновски*

**ШТИТОТ** е основниот дел на грбот, што го дефинира полето на грбот, на коешто може да има и амблем. Штитот како дефанзивно оружје отсекогаш бил добра основа за отсликување. Обликот на штитот не бил постојан во текот на времето, туку зависел од периодот, модата и се разбира вкусот на хералдичкиот уметник при емблазонирањето (исцртувањето) на грбот. Обликот на штитот не влегува во блазонот.

Сепак, во теоретската хералдика е важно дефинирањето на формата на поединечниот штит. Македонското хералдичко здружение, во Македонски хералд бр.3 (2009) дефинира 10 видови штитови, коишто претставуваат дел од поглавните видови штитови. Номенклатурата се состои од 5 национални називи: англиски, француски, шпански, полски и германски; три називи на периоди: готски, ренесансен и барокен, како и два вида штит – варјашки и лозанж. Во овој текст ќе извршиме анализа на видот на штитовите коишто се застапени во македонската месна хералдика и нивна класификација. Ќе бидат анализирани штитовите на единиците на локалната самоуправа, без да се навлегува во полето и во амблемот, како и во нивото на хералдичност на дадениот грб.

Според најдолготрајната територијална поделба (1965 – 1996), во Република Македонија има едностепена територијална поделба со 32 општи-



Од статијата на Константинов / From Konstantinov's article

# THE SHIELD IN MACEDONAIN MUNICIPAL HERALDRY

*Jovan Jonovski*

**THE SHIELD** is a basic part of the Coat of Arms, which defines the field of the Arms, which can be charged with an emblem. Shields as defensive weapons have always been a good basis for depiction. The shape of the shield was not consistent over time, instead it depended on the period, fashion, and of course the taste of the heraldic artist who drew the Arms. The shape of the shield is not blazoned.

However, in theoretical heraldry, it is important to define the shape of the individual shield. The Macedonian Heraldry Society in Macedonian Herald #3 (2009) defines 10 types of shields, which are part of the major types of shields. The nomenclature consists of 5 national titles: English, French, Spanish, Polish and German; names of three periods: gothic, rennaissance and baroque, as well as two types of shield: heater and lozenge. In this paper we shall analyze the types of shields that are represented in the Macedonian municipal heraldry and their classification. The shields of the Arms of local governments will be analyzed without getting into the level of heraldicity of a given Arms.

According to the longest-running territorial division (1965-1996), the Republic of Macedonia had a single level of territorial division with 32 municipalities. In 1970 Miloš Konstantinov




Според хералдичкиот речник од „Македонски хералд“ / According to the heraldic dictionary of „Macedonian Herald“

ни. Во 1970 година, Милош Константинов врши анализа на штитовите на 8 општини: Битола, Куманово, Крушево, Охрид, Струга, Радовиш, Скопје и Тетово, при што доаѓа до заклучок дека штитовите се многу неизедначени (со тоа што грбот на Струга целосно отстапува од основното правило дека грбот мора да е поставен на штит). Константинов најнапред изјавува дека најхералдички е штитот на битолскиот грб, признавајќи дека дополнителните елементи на врвот – плочката со датумот на ослободување во текот на Втората светска војна и петокраката – се нехералдички искривувања. Понатаму во текстот пак, тврди дека кумановскиот, охридскиот и скопскиот имаат похералдичка форма од битолскиот, радовишкиот и крушевскиот грб.

Со територијалната поделба од 1996 година, со којашто Македонија добива 123 општини и градот Скопје, започнува „расцутот" на месната хералдика. Многу општини го искористуваат правото, и во следните неколку години усвојуваат грб, најчесто преку јавен конкурс. Со поделбата од 2004 година, бројот на општините се намалува на 84 и градот Скопје. Во 2013 година, бројот се фиксира на 80 општини. При промената на територијалната поделба, општините го зачувуваат својот стар грб, без промени, иако кон нив се припоени други поранешни општини.

## ВИДОВИ ШТИТОВИ ЗАСТАПЕНИ ВО МАКЕДОНСКАТА МЕСНА ХЕРАЛДИКА

При класифицирање на штитовите од грбовите на единиците на локалната самоуправа во Македонија, битно е да се нагласи дека штитовите на ЕЛС се класифицираат според општиот облик, иако најчесто тие не



Сл. 1 fig. Шпански штит / Spanish shield



Сл. 2 fig. Ренесансен штит / Rennaisance shield



Сл. 3 fig. Ренесансен штит / Renaissance shield



Сл. 4 fig. Готски штит / Fothic shield



Сл. 5 fig. Неоготски штит / Neogothic shield

performed analysis of the shields of 8 municipalities: Bitola, Kumanovo, Kruševo, Ohrid, Struga, Radoviš, Skopje and Tetovo, and he comes to the conclusion that the shields are very uneven, and that the Arms of Struga completely deviate from the basic rule that Arms must be placed on a shield. Konstantinov first declares that the most heraldic shield is the one of Bitola, recognizing that the additional elements on the top (the plate with the date of liberation during the Second World War and the star) are non-heraldic distortions. Later he claims that Kumanovo, Ohrid and Skopje have a more heraldic form than the one of Bitola, Kruševo and Radoviš.

With the new territorial division of 1996, with which Macedonia got 123 municipalities plus the City of Skopje, local heraldry starts to „blossom". Many municipalities exercised the right to use Arms, and within the next few years Arms are obtained mostly through public competition. With the division of 2004, the number of municipalities was reduced to 84 and the City of Skopje. Since 2013 the number is fixed to 80 municipalities. With the new division, the municipalities have retained their old Arms without changes, although they are attached to other former municipalities.

## TYPES OF SHIELDS PRESENT IN MACEDONIAN MUNICIPAL HERALDRY

When classifying shields of Arms of Units of Local self-government (ULSG) in Macedonia,

се потчинуваат на правилните и традиционални пропорции на штитот. Затоа, тука ќе бидат претставени минималните и максималните соодноси на страните, во чијшто дијапазон се наоѓаат пропорциите на штитот. Исто така, во категоризацијата ќе се најдат и штитови во „нео“ стил, коишто наликуваат на традиционалните, но и со карактеристики што ги носат до самите граници на прифатливост во дадената категорија.

Тука се претставени според застапеноста:

1. **ШПАНСКИ ШТИТ** – страниците започнуваат од горниот раб паралелно, а на дното завршуваат во полукруг. Традиционалниот размер е 6x5. Најголем број штитови во Македонија се од шпански вид – вкупно 16. Соодносот на страните не е дефиниран и се движи приближно од 6x4 до 6x5, при што скоро сите закривувања започнуваат од последната ¼ од висината на штитот. Тука спаѓаат општините: Битола, Боговиње, Босилово, Гевгелија, Градско, Гостивар, Дојран, Јегуновце, Куманово, Лозово, Македонски Брод, Пробиштип, Ранковце, Свети Николе, Старо Нагоричане и Струмица. (Сл.1)

2. **РЕНЕСАНСЕН** – штит сличен на класичните форми, но со повеќе заоблени линии. Од овој тип се модерните штитови, користени како полициски значки. На горната страна може да има една или две заоблени линии. Соодносот на страните се движи од 9x6 до 9x9. Во Македонија е застапен со 15 штитови, од коишто 12 со единечен лак на врвот и 3 со двоен лак на врвот: Дебар, Дебарца, Делчево, Зелениково, Желино, Кисела Вода, Кратово, Македонска Каменица, Ресен, Росоман, Скопје, Шуто Оризари, (сл. 2), како и Сопиште, Пласница и Василево. (сл. 3)



Сл. 6 fig. Шпански штит / Spanish shield



Сл. 7 fig. Полски штит / Polish shield



Сл. 8 fig. Барокен штит / Baroque shield



Сл. 9 fig. Кружен штит / Round shield



Сл. 10 fig. Варјашки штит / Heater shield

it is important to emphasize that shields of the ULSGs are classified by the general shape, although they do not follow the correct proportions of a traditional shield. Therefore, the minimum and maximum ratios of the sides of the shield will be taken into account. Also, a place in the categorization will find shields denoted with „neo“ style - which resemble traditional, but with features that takes them to the limit of acceptance in a given category.

These are represented by the forms:

1. **SPANISH SHIELD** - sides starting from the upper edge parallel to one another, and at the bottom they end in a semicircle. The traditional scale is 6x5. Most shields in Macedonia are of Spanish type, 16 in total, with ratio of the sides varying roughly from 6x4 to 6x5, with almost all starting to bend from the last ¼ of the height of the shield. This includes the municipalities of Bitola, Bogovinje, Bosilevo, Gevgelija, Gradsko, Gostivar, Dojran, Jegunovce, Kumanovo, Lozovo, Makedonski Brod, Probištip, Rankovce, Sveti Nikole, Staro Nagoričane and Strumica. (Fig.1)

2. **RENAISSANCE** - similar to the classic forms, but with more rounded lines. This type of shields is used mostly in modern police badges. The top side may have one or two curved lines. The proportion of sides ranges from 9x6 to 9x9. In Macedonia, there are 15 shields, 12 of which are with a single curve on top and 3 with a double curve on top: Debar, Debarca, Delčevo, Zelenikovo, Želino, Kisela Voda, Kratovo, Makedonska Kamenica, Resen, Rosoman, Skopje, Šuto Orizari (Fig. 2); as well as Sopište, Plasnica and Vasilevo). (Fig. 3)

3. **ГОТСКИ** – штит кај којшто горниот раб е прав, а страните на штитот започнуваат паралелно сè до 2/3 од висината на штитот, а потоа се спојуваат под тап агол. Во Македонија има 6 такви штитови, при што односот на страните е 5x3, а на другите 5x4. (Вевчани, Долнени, Карпош, Маврово – Ростуше, Радовиш, Тетово). (сл. 4)

4. **НЕОГОТСКИ** – штит инспириран од готскиот, којштово Македонија се јавува во две варијации: првата со заоблен горен раб, со однос на страните од 12x8 до 12x9, со 4 грба (Студеничани, Центар, Крушево и Теарце); кај втората верзија, долните страни се прави, односот на страните е 5x3 до 5x4 и е застапена со 2 грба. (Арачиново, Ѓорче Петров). (сл. 5)

5. **ФРАНЦУСКИ** – или квадратен, е штит којшто на дното е дефиниран со линија којашто од конкавна поминува во конвексна. Најстариот територијален грб на град Скопје (1931) и неговата најстара позната презентација е со француски штит. Во Македонија има 4 штита, со односот на страните од 10x7 до 10x8 (Ново Село, Чашка, Кривогаштани, Конче). Има и еден штит што е дефиниран како неофранцуски, кај којшто горниот раб е конкавен (Струга). (сл. 6)

6. **ПОЛСКИ** – штит со многу заоблени линии. (Виница, Бутел и Могила). (сл. 7)

7. **БАРОКЕН** – штит којшто околу себе има елементи со чисто декоративна природа, па така, освен надворешниот раб, имаат и внатрешен раб на штитот, којшто често е со поинаква форма од надворешниот. Во Македонија можеме да зборуваме само за **НЕОБАРОКЕН** штит со два претставника – Неготино и Штип. (сл. 8)

8. **КРУЖЕН** или **ОВАЛЕН** – штит со кружна или овална форма.



**Сл. 11 fig. Прошпански штит / Prospanish shield**



**Сл. 12 fig. Профранцуски штит / Profrench shield**



**Сл. 13 fig. Проготски штит / Progothic shield**



**Сл. 14 fig. Проварјашкиштит / Proheater shield**



**Сл. 15 fig. Недефиниран штит / Undefined shield**

3. **GOTHIC** - where the top edge is straight, and the sides of the shield begin parallel to 2/3 of the height of the shield, and then converge on a blunt angle. In Macedonia there are 7 such shields, and the ratio of the sides is 5x3 and 5x4. (Vevčani, Dolneni, Karpoš, Mavrovo - Rostuše, Novo Selo, Radoviš, Tetovo). (Fig. 4)

4. **NEOGOTHIC** - a shield inspired by the Gothic, which in Macedonia appears in two variations. First, with a rounded upper edge, with ratio of the sides of 12x8 to 12x9, with 4 Arms (Studenichani, Centar, Krusevo, Tearce). In the second version, the lower sides are straight lines. The ratio of the sides is from 5x3 to 5x4, represented with 2 Arms (Aračinovo, Gjorče Petrov). (Fig. 5)

5. **FRENCH** - or **square** shield, a shield with bottom defined by a line that passes from concave to convex. The oldest known municipal Arms, the Arms of Skopje (1931) is on a French shield. In Macedonia there are 3 such Arms, with ratio of the sides from 10x7 to 10x8. (Čaška, Krivogaštani, Konče). There is a shield which is defined as neo-french where the upper edge is concave (Struga). (Fig. 6)

6. **POLISH** - a shield with many curved lines. (Vinica, Butel and Mogila). (Fig. 7)

7. **BAROQUE** - a shield with elements with purely decorative nature, such that it has an outer edge and an inner edge of the shield, which often has a different form than the outer one. In Macedonia, we can only speak of a **NEOBAROQUE** shield with two representatives, (Negotino and Štip). (Fig. 8)

8. **ROUND** or **OVAL** - a shield with a circular or oval shape. In

Во Македонија, со кружен штит се две општини – Зрновци и Центар Жупа. (сл. 9)

9. **ВАРЈАШКИ** – наједноставниот и најстар штит. Тој има приближно триаголен облик, но со конкавни страници коишто можат да бидат со помал или поголем радиус. Во Македонија, само општината Аеродром има чисто варјашки штит. (сл. 10)

10. **ДИЗАЈНЕРСКИ** – штитови коишто не се традиционални, туку се инспирирани од нив, и се плод на дизајнерските идеи како би требало да изгледа еден штит. Вкупно 16 штита можат да се поделат по своите специфики, да се класифицираат во пет поткатегории:

a. **ПРОШПАНСКИ**, каде што основниот штит е шпански, но горниот раб е изведен различно. (Врапчиште, Пехчево, Демир Хисар, Крива Паланка); (сл. 11)

b. **ПРОФРАНЦУСКИ**, каде што основниот штит може да се смета за француски штит, но горниот дел е слободно дизајнерски изработен (Богданци, Гази Баба, Илинден, Петровец); (сл. 12)

c. **ПРОГОТСКИ**, каде што аглите во горните ќошиња се пресечени или конвексни (Прилеп, Карбинци, Охрид); (сл. 13)

d. **ПРОВАРЈАШКИ**, каде што горниот дел е слободно извршен (Демир Капија, Велес, Кичево) (сл.14)

e. **НЕДЕФИНИРАНИ**, коишто се чисто дизајнерски (Новаци, Чешиново-Облешево). (сл. 15)

Осум општини користат амблем и не се земени во обѕир (Берово, Валандово, Кавадарци, Липково, Сарај, Чаир, Чучер-Сандево и Брвеница).

Поради оваа разновидност на формите на штитовите, при што не е водена грижа за традиционалните хералдички соодноси на штитот и неговата конструкција, МХЗ излезе со стандарден облик на штит за примена во месната хералдика. Штитот е од готски стил со голем радиус на долните страни, а закривеноста започнува од половина висина на штитот. Односот на страните е 6x5. Овој штит е најсличен на штитот на грбот на општина Маврово-Ростуше. До сега, овој штит е аплициран на новиот грб на општина Радовиш. ■



**Стандарден месен хералдички штит според МХЗ / The standard MHS municipal shield**

Macedonia, there are 2 circular shields (Zrnovci, Centar Župa). (Fig. 9)

9. **HEATER** - the simplest and oldest heraldic shield. It has a roughly triangular shape, but with concave sides, which can be with a smaller or larger radius. In Macedonia, only the municipality of Aerodrom has a pure heater shield. (Fig. 10)

10. **DESIGNER'S** - shields that are not traditional, but are inspired by them, and are the fruit of the designer's ideas how a shield should look. A total of 16 shields by their specifics can be classified into five categories:

a. **PROSPANISH** - where basic shield is Spanish but the top edge is derived differently. (Vrapčište, Pehčevo, Demir Hisar, Kriva Palanka) (Fig. 11)

b. **PROFRENCH** - where the basic shield can be considered as a French shield, but the upper part is freely designed (Bogdanci, Gazi Baba, Ilinden, Petrovec). (Fig.12)

c. **PROGOTHIC** - where the angles of the upper corners are cut or convex (Prilep, Karbinci, Ohrid). (Fig. 13)

d. **PROHEATER** - where the upper part is freely designed (Demir Kapija, Veles, Kičevo). (fig. 14)

e. **UNDEFINED** - which are completely a design (Novaci, Češinovo - Obleševo) (Fig. 15)

Eight municipalities use emblems /logos that are not taken into consideration (Berovo, Valandovo, Kavadarci, Lipkovo, Saraj, Čair, Čučer - Sandevo and Brvenica).

Because of this diversity of the forms of shields, without respect for traditional heraldic shield ratios and to the construction of a shield, the Macedonian Heraldry Society came up with a standard shaped shield for use in local heraldry. The shield is of Gothic type with a large radius of the lower sides, where the curve starts at half-height of the shield. The ratio is 6x5. This shield is similar to the shield on the Arms of Mavrovo - Rostuše. Until now, this shield is applied to the new Arms of the Municipality of Radoviš. ■